Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 108, 2 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакогенетика и молекуларна биологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез хармонија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање и нумеричка анализа на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Добра лабораториска пракса“ од проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Философија: византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот казнено процесно право“ од д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 61

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 64



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА „ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО“ ОД Д-Р ЛАЗАР НАНЕВ, НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-123/97 од 21.8.2013 год., Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 21.8.2013 год., ги избра рецензентите:

– проф. д-р Гордана Бужаровска-Лажетиќ – редовен професор по казнено процесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје,
– вон. проф. д-р Гордан Калајџиев – вонреден професор по казнено процесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на

„ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО“ од д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на „Практикумот“ и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Практикумот е од областа на казнено процесно право. Составен е од теоретски дел кој се однесува на начелата на кривичната постапка и потребните обрасци за дејствијата кои се преземаат во текот на кривичната постапка и за одлуките кои се донесуваат во истата. На мислење сме дека со овој практикум во голема мера ќе се олесни совладувањето на проблематика врзана за кривичната постапка.

Основниот текст на практикумот содржи поглавја кои кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на сите насоки на кои се изучува предметот. Предметот за којшто е наменет практикумот се слуша во трета година во петти семестар на Правни студии, со неделен фонд од 3 + 2 + 2 со 8 кредити.

Во практикумот, авторот теоретски ги елаборирал основните начела на кривичната постапка. Во таа смисла се дадени како начелата кои се однесуваат на поведувањето на кривичната постапка така и начелата коишто се однесуваат на текот на постапката. Во останатиот дел од практикумот се дадени основните обрасци кои ќе му помогнат на студентот полесно да го совлада теоретскиот концепт врзан за оваа проблематика. Авторот во практикумот дава примери за следниве акти и одлуки: Кривична пријава на МВР, Записник за сослушување на сведок (член 223 од ЗКП), Записник за испитување на обвинет (член 214 од ЗКП), Записник за претресување на стан и лице (член 200 од ЗКП), Наредба за вештачење и определување вештак (член 234 од ЗКП), Барање на ЈО за преземање на одделни истражни дејства од страна на органот за внатрешни работи (чл.151 од ЗКП), Известување до надлежниот Јавен обвинител за преземените истражни дејства (чл.149 од ЗКП), Барање за спроведување на истрага (чл.151 од ЗКП), Решение за спроведување на истрага (член 152, став 1 од ЗКП), Предлог на јавниот обвинител за подигање на обвинителен акт без спроведување на истрага (чл.153, став 1 од ЗКП), ОБВИНИТЕЛЕН АКТ, Решение за отфрлање на приговор против обвинителен акт (член 260 од ЗКП), Согласност на истражниот судија за подигање обвинителен акт без спроведување на истрага (член 153, став 2 од ЗКП), Наредба за определување на главен претрес (член 271 од ЗКП), Покана на обвинетиот за главен претрес (член 273 од ЗКП), Записник за главен претрес (член 303 од ЗКП), Осудителна пресуда на Основен суд, Пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен и се ослободува од казна, Пресуда со која се одбива обвинението, Решение на Основен суд за отфрлање на супсидијарен обвинителен предлог,

Решение со кое се запира кривичната постапка поради апсолутна застареност, Пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинение, Пресуда против повеќе обвинети на кои им се изрекуваат различни казни, Жалба на пресудата од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција, Жалба на пресуда од Основен суд, Пресуда со која се одбива жалбата и се потврдува пресудата / Апелационен суд, Пресуда на Апелационен суд со која делумно се усвојува жалбата, Одлука на Апелационен суд по жалба на решение, Решение на Апелационен суд со кое предметот се враќа на повторно судење.

Во суштина, правилната употреба на овој практикум придонесува кон совладувањето на теоретските и практичните аспекти на оваа проблематика. Врз база на оваа материја, студентите би создале една поцелосна претстава за суштината на проблематиката од областа на казненото процесно право, оспособувајќи се да навлезат во анализа и елаборација и самостојна изработка на овие акти.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот анализиран и елабориран во практикумот во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Казнено право - применета програма. Според начинот на којшто е елаборирана материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на практикум и заради тоа сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на практичните аспекти на казненото процесно право.

Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на „ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО“ предвиден според програмата за студентите од трета година на Правниот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Гордана Бужаровска-Лажетиќ, редовен професор, с.р.**
**Д-р Гордан Калајџиев, вонреден професор, с.р.**